РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 03-401/8

24.11. 2021 год.-viti

Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Биомедицина", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки при Универзитет„ Гоце Делчев", Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Биомедицина", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки при Универзитет„ Гоце Делчев", Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на биомедицински науки /во меѓународен промет академски студии назив: Doctor of biomedical sciences.

4. Научно - истражувачко подрачје: 3 - Медицински науки и здравство,
Научно – истражувачко поле: 301. Фундаментални медицински науки, 302. Клиничка медицина, 304 Стоматологија, 306 Фармација, 307. Медицинска Технологи-, 308. Јавно здравство и здравствена заштита, 309.
Научно – истражувачка област: Области од наведените полиња.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Дарко Бошнаковски, Проф. д-р Зденка Стојановска, Проф. д-р Татјана Рушковска, проф. д-р Емилија Јаневиќ Ивановска, проф. д-р Билјана Ѓоргеска, вон. проф. д-р Невенка Величковска, вон. проф. д-р Елена Дракалска, вон. проф. д-р Ленче Николовска, вон. проф. д-р Светлана Јовеска, вон. проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, вон. проф. д-р Катарина Смилков, вон. проф. д-р Валентина Велковска Накова, вон. проф. д-р Јихе Зху.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201- 222/30 од 25.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Биомедицина", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки при Универзитет„ Гоце Делчев", Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 401/1 од 31.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 401/3 од 03.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски